Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-177/3
22.02.2022 год
Новаци

ЗАПИСНИК

Од одржаната 6-та седница на Советот на општина Новацио одржана на ден 22.02.2022 година со почеток во 12,00 часот во простотиите на општинаската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци:

Славица Најдовска-Стојковска, Горан Велјановски, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Александар Канзуровски, Љупчо Петровски, Наумче Смилевски, Иванчо Котевски и Сузана
Јовановска.

На седницата се присутни вработени: Стевче Ангелевски-секретар на општина Новаци, Оливера Димитровска-раководител на оделение, Летка Јовановска раководител на оделение, Николина Лозановска – соработник за соц.здр.и детска заштита.

Дневен ред

Усвојување на записникот од 5-та седница на Советот на Општина Новаци .

1. Одлука за сопствено учество на општина Новаци при аплицирање со проекти (20%).
2. Одлука за определување на висина на благајничкиот максимум (60.000,00 денари).
3. Одлука за определување на висина на благајничкиот девизен максимум (10.000Евра).
4. Предлог-Годишен план за Јавни Набавки на општина Новаци 2022 година –Дополнување – Јануари 2022г
5. Предлог-Годишен план за Јавни Набавки на општина Новаци 2022 година –Дополнување – Февруари 2022г
6. Извештај од извршен редовен годишен попис во општина Новаци со состојба 31.12.2021 година од Централната пописна комисија
7. Извештај од Комисија за попис за побарување и обврски и парични средства во благајната.
8. Програма за работа на ЈПКД „Комунална Хигиена“ –Новаци за 2022 година
9. Годишен план за Јавни Набавки на ЈПКД „Комунална Хигиена“ –Новаци за 2022 година
10. Одлука за утврдување на цена за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период од 2022-2024 година.
11. Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Новаци за 2022
12. Предлог-Програма за управување со животната средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во општина Новаци за 2022 година
13. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од поставување на урбана опрема за забава на деца-детски парк.
14. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од поставување на урбана опрема за спортско рекреативни активности- спортски справи и опрема
15. Предлог-Одлука за утврдување на потреба од поставување на урбана опрема-јарбол за истакнување на државното знаме во с.Гермијан
16 Барање за доделување на еднократна парична помош од физичко лице Добре Котевски од с.Добромири
17. Барање за доделување на еднократна парична помош од физичко лице Милица Стевановска од с.Новаци
18. Барање за доделување на еднократна парична помош од физичко лице Ленче Крстевска од с.Живојно

Предложениот дневен ред без дополнувањето **ЕДНОГЛАСНО** е усвоен.

На почетокот на Седницата претседателката на Советот Г-ѓата Славица Најдовска - Стојковска предложи точките 16,17,18 од дневниот ред да не се разгледуваат на оваа седница затоа што овие точки ќе се разгледуваат дополнително од страна на Комисија за доделување на еднократна парична помош на физички лица која ќе се формира од страна на овој Совет.

Овој предлог беше **едногласно** усвоен.

ПРВА ТОЧКА: Одлука за сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање на проекти(20%).

По однос на првата точка од дневниот ред образложение даде Претседателот на Советот
Г-ѓа Најдовска Стојковска, во однос на тоа дека при аплицирање на проекти во кои општина Новаци учествува со свои средства процентуално тоа учество ќе изнесува 20% од вкупниот буџет на соодветниот проект.

Без дискусија и забелешки Советот **едногласно** донесе Одлука за сопствено учество на општина Новаци при аплицирање на проекти (20%)

ВТОРА ТОЧКА: Одлука за определување висина на благајничкиот максимум (60.000,00 денари).

Појаснување по оваа точка од дневниот ред даде Раководителот на финансии Г-ѓа Димитровска, која објасни дека е предвидено висината на благајничкиот максимум во денарска валута да изнесува 60.000,00 ден. Овие средства ќе се користат во неопходни и хитни случаеви и тоа мал дел од буџетски сретства, а поголемиот дел ќе се користат средства кои се добиени преку донации-донаторски сметки.

Советот **едногласно** донесе Одлука за определување висина на благајничкиот максимум (60.000,00 денари).

ТРЕТА ТОЧКА: Одлука за определување на висина на бладајничкоит девизен максимум (10.000 евра

По оваа точка од деневниот ред излагаање имаше Раководителот на финансии Г-ѓа Димитровска, која даде објаснување дека во општинската благајна се предвидуваат девизни средсва кои ќе се користат во исклучителни случаеви за средства добиени преку донаторски сметки од европски фондови.

Советот **едногласно** донесе Одлука за определување висина на благајничкиот девизен максимум (10.000 евра).

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог-Годишен план за Јавни Набавки на општина Новаци 2022 година –Дополнување – Јануари 2022г

По предлогот Советот со 8 (осум) гласови **за** и 1 (еден) глас **воздржан** го одобри Годишниот план за Јавни Набавки на општина Новаци 2022 година –Дополнување – Јануари 2022г.

ПЕТТА ТОЧКА: . Предлог-Годишен план за Јавни Набавки на општина Новаци 2022 година –Дополнување –Февруари 2022г

По предлогот Советот со 6 (шест) гласови **за** и 3(три) гласа **против** го одобри Годишниот план за Јавни Набавки на општина Новаци 2022 година –Дополнување – Февруари 2022г

ШЕСТА ТОЧКА: Извештај од извршен редовен годишен попис во општина Новаци со состојба 31.12.2021 година од Централната пописна комисија

По оваа точка појаснување даде Претседателот на Комисија за вршење на годишен попис Г-дин. Благој Петровски кој ја презентираше фактичката состојба на основните средства и ситниот инвертар во општина Новаци со состојба на 31.12.2021г. и воедно даде известување за инвентарот што недостига при пописот за 2021г.

По излагањето меѓу советниците се разви дискусија по која Советот **едногласно** донесе Заклучок за усвојување на Извештајот од извршен редовен годишен попис во општина Новаци со состојба 31.12.2021 година од Централната пописна комисија

СЕДМА ТОЧКА: Извештај од Комисија за попис за побарување и обврски и парични средства во благајната.

Претседателот на Комисија за вршење на годишен попис Г-дин. Благој Петровски пред советниците даде објаснување за извршениот годишен попис и утврдената состојба на побарувањата и обврските според сметководствената евиденција и благајната на општина Новаци.

По излагањето меѓу советниците се разви дискусија по која Советот **едногласно** донесе Заклучок за усвојување на Извештајот од Комисија за попис за побарување и обврски и парични средства во благајната.

ОСМА ТОЧКА: Програма за работа на ЈПКД „Комунална Хигиена“ –Новаци за 2022 година

По однос на осмата точка Директорот на ЈПКД “Комунална Хигиена–Новаци“ Г-дин. Александар Стефановски ја образложи Програмата за работа на ЈПКД Комунална хигиена-Новаци според која за 2022год. се очекувааат приходи во износ од 11.430.000,00.ден. по основ на јавна чистота и извршени работи/услуги од нискоградба и градежништво како и од зимско одржување.

По развиената дискусија меѓу советниците, Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈПКД“ Комунална Хигиена –Новаци “ за 2022 година.

ДЕВЕТА ТОЧКА: Годишен план за Јавни Набавки на ЈПКД „Комунална Хигиена“ –Новаци за 2022 година

По однос на оваа точка Директорот на ЈПКД “Комунална Хигиена–Новаци“ Г-дин. Александар Стефановски го презентираше Годишниот план во чиј состав влегува набавка на гориво, набавка на електрична енергија, набавка на резервни делови, набавка на машини и алати за работа, сервисирање и оддржување на пумпни станици и сл. кои се неопходни за непречено функционирање на Јавното комунално претпријатие.

По излагањето, Советот **едногласно** донесе Одлука за усвојување на Годишениот план за Јавни Набавки на ЈПКД „Комунална Хигиена“ –Новаци за 2022 година

ДЕСЕТА ТОЧКА: Одлука за утврдување на цена за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период од 2022-2024 година.

Директорот на ЈПКД “Комунална Хигиена–Новаци“ Г-дин. Александар Стефановски по однос на оваа точка даде објаснување дека цената за снабдување со вода за пиење се оддредува од страна на Регулнаторна комисија за енергетика на Р.Македонија до која се доставува бизнис план од страна на ЈПКД “Комунална Хигиена–Новаци“

Во врска со оваа точка советникот Иван Котевски побара од Директорот на ЈПКД “Комунална Хигиена–Новаци“ за следната Седница на Советот да достави список на домаќинства кои имаат заостанат неплатен долг кон ЈПКД “Комунална Хигиена–Новаци“ т.

е. неплатени сметки до сите советници со цел да се превземат правни мерки кои ќе допринесат да се зголеми самофинансирачкиот буџет на ЈПКД "Комунална Хигиена– Новаци".

По развиената дискусија меѓу советниците, Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за утврдување на цена за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период од 2022-2024 година.

ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Новаци за 2022

По однос на 11-та точка објаснување пред советниците даде Раководителот на Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој Г-ѓа Летка Јовановска која во кратки црти ги презентира планираното уредување на разновидна урбана опрема,планираните локали за нејзино поставување како и начинот и условите за нивно поставување, дислоцирање и отстранување.

По презентирањето Советот **едногласно** донесе Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Новаци за 2022

ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог-Програма за управување со животната средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во општина Новаци за 2022 година

Раководителот на Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој Г-ѓа Летка Јовановска ја презентира Програмата со која се уредува намената и доделувањето на средствата за реализација на програми и проекти и др. активности од областа на животната средина на територијата на општина Новаци за 2022г. Овие средтства се обезбедуваат од надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменска дотација и од буџетот на општина Новаци.

По излагањето, Советот **едногласно** донесе Програма за управување со животната средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во општина Новаци за 2022 година

ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог- Одлука за утврдување на потреба од поставување на урбана опрема за забава на деца-детски парк.

Раководителот на Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој Г-ѓа Летка Јовановска ја образложи потребата од поставување на урбана опрема за забава на деца во село Новаци на дел од КП 1546 КО Новаци.

По излагането Советот со 8 (осум) гласови **за** донесе Одлука за утврдување на потреба од поставување на урбана опрема за забава на деца-детски парк.

ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог-Одлука за утврдување на потреба од поставување на урбана опрема за спортско рекреативни активности-спортски справи и опрема

Раководителот на Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој Г-ѓа Летка Јовановска ја образложи потребата од поставување на урбана опрема спортско – рекреативни активности – спортски справи за отворено во село Новаци на дел од КП 1538/2 и 1537/13 КО Новаци. Средствата за оваа намена се обезбедени преку проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија" кој е финансиран од "МАТРА„ и Холандска амбасада.

По излагането Советот со 8 (осум) гласови **за** донесе Одлука за утврдување на потреба од поставување на урбана опрема за спортско рекреативни активности- спортски справи и опрема

ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог-Одлука за утврдување на потреба од поставување на урбана опрема-јарбол за истакнување на државното знаме во с.Гермијан

И по оваа точка излагање даде Раководителот на Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој Г-ѓа Летка Јовановска која во кратки црти ја образложи потребата од поставување на урбана опрема – јарбол за истакнување на државното знаме во село Гермијан на КП 1467/2 КО Гермијан. Средствата за поставување на јарболот се обезбедени од буџетот на општина Новаци.

Советот со 6 (шест) гласови **за** и 2(два) гласа **воздржани** донесе Одлука за утврдување на потреба од поставување на урбана опрема-јарбол за истакнување на државното знаме во с.Гермијан.

Дополнително на оваа седница Советот дискутираше и по точките :

ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: **Одлука за формирање на комисија за доделување на еднократна парична помош**

На крајот од Седницата Советот на општина Новаци дискутираше за начинот за решавање на барањата за еднократна парична помош од страна на физички лица за разни основи (лекување, социјална помош, стари лица, семејства во социјален ризик и сл.) и **едногласно** донесе Одлука за формирање на комисија за доделување на еднократна парична помош

СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: **Одлука за именување на членови на Комисијата за доделување на еднократна парична помош**

Исто така Советот **едногласно** донесе Одлука за именување на членови на Комисијата за доделување на еднократна парична помош во сл.состав:

1. Славица Најдовска –Стојковска - Претседател
2. Александар Конзуровски - Член
3. Николче Димовски - Член
4. Сузана Јовановска - Член
5. Иванчо Котевски - Член

Записничар: Н. Лозановска Н. Лозановска
Контролирал: С. Ангелевски

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Република Северна Македонија • Општина Новаци • Новаци •